Врз основа на член 172 став (4) од Законот за животната средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16), Владата на Република Македонија на седницата одржана на ___________ донесе

# Програма за инвестирање во животната средина за 2017 година

## I

Со оваа програма се утврдува намената и се доделуваат средства за финансирање, кофинансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2017 година.

## II

Средствата за реализирање на Програмата за инвестирање во животната средина за 2017 година (во натамошниот текст: Програма) се обезбедуваат од надоместоците утврдени со член 162 од Законот за животната средина, во износ од 122.800.000,00 денари.

Средствата од став 1 на овој дел ќе се доделуваат врз основа на Јавен конкурс којшто го објавува и спроведува Министерството за животна средина и просторно планирање, согласно Законот за животната средина. Дел од средствата ќе се наменат за кофинансирање на тековни проекти од областа животна средина.

## III

За начинот и динамиката на реализирање на оваа програма ќе се грижи Министерството за животна средина и просторно планирање.

## IV

Средствата од дел II став 1 на оваа програма се распоредуваат за следните намени:

1. Изработка на техничка документација и реализирање на проекти и активности за заштита, зачувување и подобрување на квалитетот на водите во износ од 43.000.000,00 денари;
2. Реализирање на проекти и активности за заштита на природата и биолошката разновидност во износ од 3.000.000,00 денари;
3. Реализирање на проекти и активности за подигање на јавната свест, едукација и обука во областа на животната средина во износ од 8.000.000,00 денари ;
4. Поттикнување на образовни, истражувачки и развојни студии, програми и проекти за заштита и унапредување на животната средина и природата во износ од 5.000.000,00 денари;
5. Кофинансирање на Проект за зајакнати граѓански организации за партиципативно транспонирање и спроведување на ЕУ 2020 пакетот за клима и енергија во износ од 1.000.000,00 денари;

6. Кофинансирање на тековни проекти од областа животна средина во износ од 29.000.000,00 денари;
7. Реализација на проекти и активности одобрени согласно Програмата за инвестирање за 2015 и 2016 год во износ од 30.000.000,00 денари и
8. Трошоци за спроведување на програмата во износ од 3.800.000,00 денари.

## V

(1) Средствата од дел II став 1 на оваа програма врз основа на поднесена и одобрена апликација можат да се користат од следните субјекти:

1) Општини или здруженија на општини, општините во градот Скопје и градот Скопје можат да користат средства за намени од дел IV точка 1 на оваа програма;
2) Правни и физички лица можат да користат средства за намени од дел IV точка 2, 3 и 4 на оваа програма;
3) Непрофитни и невладини организации можат да користат средства за намени од дел IV точка 2 и 3 на оваа програма:
4) Научни и образовни институции можат да користат средства за намени од дел IV точка 2 и 4 на оваа програма

(2) Висината на финансиската поддршка преку оваа програма е во согласност со Законот за контрола на државна помош.

(3) Средствата од дел IV точка 5 на оваа програма ќе се реализираат со потпишување на Договор за кофинансирање.

(4) Средствата од дел IV точка 6 на оваа програма ќе се реализираат со потпишување на Договори за кофинансирање.

(5) Средствата од дел IV точка 7 на оваа програма ќе се реализираат согласно Договорите за доделување на средства од Програмите за инвестирање во животната средина за 2015 и 2016 година.

(6) Средствата од дел IV точка 8 на оваа програма ќе се реализираат за исплата на трошоци за стоки и услуги за спроведување на оваа програма.

## VI

Со средствата од оваа програма можат да бидат финансирани сите видови на трошоци за реализација на програми, проекти и други активности од областа на животната средина, освен за:

1) Закуп на земјиште;
2) Закуп на постојни згради;
3) Трошоци направени пред 1 Јануари 2017година;
4) Трошоци направени за да се покријат платите на вработените кои работат кај корисникот на средствата;

5) Трошоци за подготовка на Формуларот за аплицирање за добивање средства од Програмата;
6) Општи и административни трошоци на апликантот;
7) Камати на долгови, надоместоци за финансиски операции, и останати чисто финансиски трошоци;
8) Законските обврски, казни и пенали и
9) Трошоци за функционирање на проектот по неговата изведба, а  кои не се поврзани со обуката на персоналот или пробното  тестирање.

**VII**

Исплатата на средствата од дел II  став 1 на оваа програма ќе се врши согласно договор склучен меѓу Министерството за животна средина и просторно планирање и корисникот.

**VIII**

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари .2017 година.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Емил Димитриев**